


ISO 9001
Q-1441

**27.06.2024-Четврток**

# НАСТАНИ



## За културното лето на гевгеличани, настапи мандолинскиот оркестар "Полифонија Стрингс"

Со Концертот на мандолинскиот оркестар „Полифонија Стрингс“, официјално започна културно-уметничката манифестација „Гевгелиско културно лето“. Програмата официјално ја отвори директорот на ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија, Мирјана Крстева Массетти најавувајќи им на публиката и јавноста интересни содржини во организација на ЈОУ Дом на култура, Библиотека „Гоце Делчев“- Гевгелија и ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито“- Гевгелија. По што, на платото пред Народниот театар- Гевгелија, за првиот ден од културното лето на гевгеличани, „Полифонија Стрингс“ настапија со аранжмани на познати вокални и инструментални обработки.

Членовите на „Полифонија Стрингс“ се поранешни членови на мандолинскиот школски оркестар на ООУ „Страшо Пинџур“ од село Јосифово. Мотивацијата и ентузијазмот на мандолинскиот оркестар се насочени кон продолжување, проширување и унапредување на музичката култура и наобразба на неформален начин на локално и пошироко ниво.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

ГЕВГЕЛИЈА




ISO 9001
Q-1441

**27.06.2024-Четврток**

## ИНФОРМАЦИИ



**Координативен состанок за превенција и спречување пожари на подрачјето на општина Гевгелија**

По иницијатива на градоначалникот Андон Сарамандов, во Општина Гевгелија се одржа состанок на тема: „Опасност од пожари за време на високите температури, подготвеност на институциите и преземање мерки при појава на пожар“. На состанокот присуствуваа претставници на: општинската администрација, ЈПКД „Комуналец“- Гевгелија, ТППЕ- Гевгелија; Дирекција за заштита и спасување, ПЕ- Гевгелија; Регионален центар за управување со кризи- ПУ Гевгелија; Полициска станица за граничен премин; Сектор за шумска полиција- Гевгелија; ЈП Национални шуми- ПЕ Шумско стопанство „Кожув“- Гевгелија и АД Водостопанство Подружница „Јужен Вардар“- Гевгелија.

Целта на состанокот беше подобрување и поголема синхронизирана соработка помеѓу сите локални и државни институции коишто делуваат на подрачјето на општина Гевгелија.
Од состанокот, произлегоа следниве заклучоци и мерки:

- интензивирање на соработката преку редовна координација и комуникација на надлежните институции;

- засилена контрола со патроли од ОВР- Гевгелија, Шумската полиција и ЈП Национални шуми- ПЕ Шумско стопанство „Кожув“ за спречување пожари на шумските предели;

- ТППЕ- Гевгелија да го стави во употреба дронот со специфичен фокус за рано откривање пожари и нивно движење, со којшто ќе се детектираат и предизвикувачите, а против нив ќе се преземаат дејствија за санкции;



- граѓаните доследно да се придружуваат до апелите од ТППЕ- Гевгелија и Општина Гевгелија за внимание од предизвикување пожари во летната сезона и

- доколку забележат места со оган или дим, веднаш да пријават во најблиските институции или на единствениот повикувачки број за итни повици 112, како и на 193 и 034/211-881.






**27.06.2024-Четврток**



**Второто прскање против возрасни комарци на 1 јули**

На 1 јули 2024 година, во вечерните часови, на подрачјето на општина Гевгелија ќе се изврши втората теристичка дезинсекција во рамки на годинашниот третман против комарци. За таа цел, се известуваат сопствениците на пчелни семејства да преземаат соодветни мерки за заштита, односно да ги затворат во најавениот временски период. Доколку временските услови не бидат погодни за спроведување на дезинсекцијата, граѓаните ќе бидат навремено известени за следниот термин.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk
Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk